# Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр.45-1560/2

Скопје, 28-01-2021 2021 година

ДО: **Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**
Адреса: Булевар„ Гоце Делчев "бр. 18-зградата на МРТВ кат 14, 1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ: Доставување на Годишен извештај за 2020 година, за постапување по Барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Почитувани,

Генералниот секретаријат на Владата, согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19),Ви доставува годишен извештај за период од 1.1.2020 до 31.12.2020 година, во врска со постапување по Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зекири

Прилог: Годишен извештај на Генералниот секретаријат на Владата, за период од 1.1.2020 до 31.12.2020 година, во врска со постапување по Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр.45- 1560/1 28-01-2021

Скопје, Јануари 2021 година

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија". бр.101/19), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со седиште на бул. „Илинден" бр.2, тел. (02) 3118 022, факс (02) 3116 785, претставуван од Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

го подготви следниот

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
(од 01.01.2020 до 31.12.2020)

**1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:**
- Симона Тозиевска, контакт тел: 078890737, e-mail адреса: simona. kruntovska @gs.gov.mk, Симона Ивановска, контакт тел: 076/863-637, e-mail адреса: simona.ivanovska@ gs.gov.mk, Даниел Николов, контакт тел: 072 211 180, e-mail адреса: daniel.nikolov@gs.gov.mk и Драгана Алексовска, контакт тел. 072/304-717, емаил адреса: dragana.spaseva@gs.gov.mk.

**2. Број на примени барања:219**

**3. Број на позитивно одговорени барања:190**

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање:29**

**4.1. Предмет број 49-1764/1 од 21.2.2020 година**
**Барана информација:**
Понудата и целосната документација која фирмата САРХЕМС ги доставила до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија при аплицирање на конкурсот за формирање на ЈПП за формирање на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)".

Статус: Генералниот секретаријат на 11.3.2020г достави Решение за одбивање до барателот со архивски број 49-1764/3 со образложение дека по однос на бараната информација, НЕ МОЖЕ позитивно да одговори, односно да ја достави, од причина што, креатор и имател на истата, не е Генералниот секретаријат на Владата на

Република Северна Македонија. Незадоволен од Решението барателот поднел жалба до Агенцијата, а Агенцијата со Решение 08-99 од 8.4.2020г, наш архивски број 49-1764/6 од 10.4.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-1764/7 од 13.4.2020г.

4.2. **Предмет број 49-1819/1 од 24.2.2020 година**
**Барана информација:**
1. Спогодба постигна помеѓу Cunico Resources N.V и Република Северна Македонија....
2. Одлуката на Владата на РСМ да се пристапи кон склучување на спогодба со Cunico Resources N.V....
3. Сумата што Владата на РСМ ја има платено на адвокатската куќа...
4. Писмена изјава на тужителот Cunico Resources N.V за основаноста ма барањето за поведување на арбитражна постапка....
5. Одговорот на РСМ за изјавата за основаноста од точка 4....
6. Сумата што Владата на РСМ ја има платено на основа Спогодбата постигната помеѓу Cunico Resources N.V и Република Северна Македонија....

**Статус:** Барателот поднел жалба до Агенцијата поради не доставување на одговор на барањето. Агенцијата со Решение бр.08-191 од 22.6.2020г, примено во архивата на Генералниот секретаријат на 1.7.2020г под арх.бр.49-1819/3 ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Подготвен одговор до барателот со допис бр.49-1819/7 дека не располага со бараната информација и Решение за одбивање бр.49-1819/6. До Генералниот секретаријат преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беше доставена жалба од жалителот, изјавена против Одговорот на Генералниот секретаријат. Во однос на горенаведеното, доставивме одговор на жалба со допис бр.49- 1819/10.

После доставениот одговор на жалба од наша страна, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во управна постапка донесе мериторно и конечно Решение бр.08-191 од 15.9.2020г, заведено во архивата на Генералниот секретаријат под 49-1819/12 од 23.9.2020г, со кое го поништи решението бр.49-1819/6 и го задолжи Генералниот секретаријат да ја даде бараната документација. Генералниот секретаријат одлучи со Решение за позитивен одговор бр.49-1819/14 од 1.10.2020г, односно дека не располага со бараната документација и Решение за одбивање бр 49-1819/13 од 28.9.2020 г, односно за делот од барањето кој се однесува на точка реден број 3 и точка реден број 6, ја утврди следната фактичка состојба:

Согласно член 6 став (1), точка 4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација од јавен карактер ако бараната информација се однесува на информација која е стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.
До Генералниот секретаријат преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беше повторно доставена жалба/претставка од жалителот, изјавена против Одговорот на Генералниот секретаријат. Во однос на горенаведеното, Генералниот секретаријат одлучи со допис 49-1819/18 од 20.11.2020година, односно ја достави документацијата со која што располага.

**4.3. Предмет број 49-2068/1 од 5.3.2020 година**
**Барана информација:** Информации од јавен карактер кои се однесуваат на областа од енергетиката

**Статус:** Стручните служби во Генералниот секретаријат го разгледаа предметното барање и во конкретниот случај, од барателот, со допис број 49-2068/2 од 9.3.2020 година побарано е прецизирање на бараната информација, согласно член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно кој „Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето“.
Во член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е уредено дека „ Ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето“.
Со оглед дека барателот на информацијата не постапил по нашето барање за прецизирање на бараната информација, во законски утврдениот рок, Генералниот секретаријат донел Решение за отфрлање бр.49-2068/3 од 4.12.2020г

**4.4.Предмет број 49-2559/1 од 26.3.2020г**

**Барана информација**:

1.Број на вработени во Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија кои се во редовен работен однос со состојба на 31.12.2016 и состојба на 29.02.2020,

2.Број на лица ангажирани со договор за привремени вработувања со состојба на 31.12.2016 и состојба на 29.02.2020,

3.Број на лица ангажирани со договор на дело со состојба на 31.12.2016 и состојба на 29.02.2020,

Статус: Генералниот секретаријат на 30.3.2020г достави допис до барателот со архивски број 49-2559/2 со образложение дека имајќи ја предвид вонредната состојба во државата, Генералниот секретаријат ќе одговори на барањето веднаш по завршувањето на истата. Незадоволен од Известувањето барателот поднел жалба до Агенцијата, а Агенцијата со Решение 08-120 од 7.5.2020г, наш архивски број 49-2559/3 од 12.5.2020г, ја уважила жалбата со образложение дека во прогласената вонредна состојба во РСМ не е донесена уредба со законска сила која влијае на постапката за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-2559/1 од 21.5.2020г.

**4.5. Предмет број 49-4388/1 од 21.5.2020 година**

Барана **информација:** Арбитражната награда од 17 февруари 2020 година за случајот Гокул Дас Бинани против Република Северна Македонија - Случај ПЦА бр.2018-38 (PCA Case No. 2018-38).

**Статус:** Согласно член 6 став (1), точка 4) и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, достави решение за одбивање со број 49-4388/2 од 21.5.2020г, односно заклучи дека со објавувањето на предметната информација можат да настанат штетни последици врз јавниот интерес на Република Северна Македонија што се заштитува од причини што постапката по предметот ПЦА бр.2018-38 (PCA Case No. 2018-38) се уште не е завршена, односно одлуката на Арбитражниот трибунал од 17 февруари 2020 за досудената арбитражна награда е оспорена пред Швајцарскиот Федерален Трибунал (Swiss Federal Tribunal) во Женева.

**4.6. Предмет број 49-4871/1 од 2.6.2020 година**

**Барана информација:** Ве молиме за постапката за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер – синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лиц а и лица со оштетен вид бр.01203/2020 да ни доставите:Одлука за јавна набавка, Записник од отварањето на понудите, Записник од спроведениот технички дијалог, Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за извршената евалуација, Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката, Извештај од спроведената е-аукција, Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба, Записник со инструкции обиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола .

**Статус:** Генералниот секретаријат му достави на подносителот на барањето, писмено известување со бр.49-4871/2 од 9.6.2020 година, дека ќе одговори на нивното барање по завршување на вонредната состојба. Имајќи предвид дека за вонредната состојба одлучува Претседателот на РСМ, а не Владата, Генералниот секретаријат со цел да излезе во пресрет на подносителот на барањето за пристап до информациите од јавен карактер, пред завршувањето на вонредната состојба донесе решение за позитивен одговор со број 49-4871/3 од 19.6.2020 година, согласно член 20 став (1), член 22 став (1), член 21 став (1) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно по консултација со службите на секторот за јавни набавки до барателот на информациите, го достави следниот одговор: За постапката за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер – синтетизатор на говор со читач на екран на македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е донесена одлука за поништување на постапката, која сеуште не е конечна, односно ќе стане конечна кога ќе истече рокот за жалби по истата и документите во оваа фаза, согласно член 30 став 6 од Законот за јавните набавки не се сметаат за информации од јавен карактер, односно: „Пред конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката не се применуваат прописите кои го уредуваат пристапот до информации од јавен карактер". Барателот поднел жалба до Агенцијата, на која е доставен одговор со бр.49-4871/65 на 26.6.2020 година. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донела Решение за запирање на постапката, со бр.на Генерален секретаријат, 49-4871/6 од 7.7.2020, поради повлекување на жалбата заради доставување на одговорот на истата кај Барателот.

**4.7.Предмет број 49-5047/1 од 4.6.2020 година**

Барана **информација**: Сите договори во целост со странски и домашни компании (правни лица инвеститори) кои се склучени за доделување на државна помош

**Статус:** Стручните служби во Генералниот секретаријат го разгледаа предметното барање и во конкретниот случај постапија со допис број 49-5047/3 од 23.6.2020г, согласно член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно кој „Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето".

Во член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е уредено дека „ Ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето".

Имено, постапувајќи по барањето, констатирано е дека барателот не доставил до Генералниот секретаријат дополнување на барањето, односно прецизирање на бараната информација, при што Генералниот секретаријат донел Решение за отфрлање бр.49-5047/4 од 4.12.2020г

**4.8.Предмет број 49-6950/1 од 8.7.2020 година**

Барана **информација**: Барање бр.46-1426/4 од 26.02.2020 година, доставено од имателот на информацијата до Бирото за јавни набавки и целата документација поднесена како прилог на Барањето.

**Статус:** Генералниот секретаријат донесе решение за одбивање на барањето со бр.49-6950/2 од 28.7.2020 година и постапи согласно одредбите : член 25 став (1), а во врска со член 6 став (1) на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер односно донесе решение за одбивање, претходно спроведувајќи тест на штетност, врз чиј резултат утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Барателот поднел жалба преку Агенцијата, заведена во Генерален секретаријат под број 49-6950/3 на 17.8.2020 година, на која е одговорено со допис број 49-6950/4 на 20.8.2020 година.Агенцијата одлучувајќи по жалбата донела решение 08-426 на 21.8.2020 година, со која ја уважила и го

поништила решението бр.49-6950/2 и го вратила предметот на повторно постапување .

Генералниот секретаријат постапи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер односно донесе решение за одбивање, под бр.49-6950/6 на 7.9.2020 година, согласно член 25 став (1), а во врска со член 6 став (1) точка 4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно одговори дека бараните податоци се информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка,за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката. Согласно член 25 од законот се спроведе тест на штетност, врз чиј резултат утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.Барателот поднел жалба преку Агенцијата, заведена во Генерален секретаријат со бр.49-6950/8 на 9.9.2020, по која е доставен одговор број 49-6950/9 на 11.9.2020 година. Агенцијата донела решение бр.08-426 на 24.9.2020 година,заведено под број 49-6950/10 од 30.9.2020 година, со кое се поништува решението на Генерален секретаријат број 49-6950/6 и се задолжува имателот на информации да ја достави бараната информација на Барателот.Генералниот секретаријат ги достави информациите со решение бр.49-6950/11 на 6.10.2020 година и истовремено со известување бр.49-6950/12 ја извести и Агенцијата за постапувањето.

**4.9.Предмет број 49-7079/4** од **7.8.2020** - **(49-8327/1)** од **15.9.2020**

**Барана информација**: 1. Јасно утврдени критериуми за отстранување градби, 2. План со динамика за отстранување градби, 3. Информација за напредокот на отстранување на градбите и враќање на плажите во првобина состојба во општина Охрид, 3. Информација за напредокот на отстранување на градбите и враќање на плажите во првобина состојба во општина Струга.

**Статус**: Жалбата се отфрла како недопуштена од причина што барателот не постапил согласно член 16 став 5 од Законот, односно во барањето не навел дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од тие причини жалбата е отфрлена решение бр. 08-250 од 4.8.2020 година. Дополнување: Барањето никогаш не било доставено до Генералниот секретаријат пред барателот да поднесе жалба до Агенцијата.

Барањето прв пат во Генералниот секретаријат е доставено на 15.9.2020г, а Агенцијата донела Решение бр. 08-250 од 4.8.2020 година.

**Влада на Република Северна Македонија**

\- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

**4.10.Предмет број 49-8404/1 од 17.9.2020 година**

Барана **информација:** Ве молиме за постапката за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020 да ни доставите: Одлука за јавна набавка, Записник од отварањето на понудите , Записник од спроведениот технички дијалог, Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за извршената евалуација, Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката, Извештај од спроведената е-аукција, Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба, Записник со инструкции одобрени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола Статус:Генералниот секретаријат на Владата, при одлучување по предметот, за документацијата поврзана со набавката, постапи согласно член 20 став (1) и став (2), член 21 став (1) и став (2) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), давајќи одговор, односно со решение за позитивен одговор бр.49-8404/2 на 21.9.2020 година дека:Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home. Доставена е жалба по решението преку Агенцијата, заведена под ар.бр.49-8404/3 на 23.9.2020 година, по која е доставен одговор бр,49-8404/4 на 24.10.2020, дека Генералниот секретаријат сопствените набавки со документите јавно ги објавил и се достапни на наведениот линк, и постапил согласно член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата донела решение број 08-615 од 5.10.2020, заведено под број 49-8404/5 на 7.10.2020, со кое се поништува решението 49-8404/2 и предметов се враќа на повторно одлучување. По повторното постапување Генералниот секретаријат донесе решение бр.49-8404/6 на 13.10.2020 година со кое делумно се одбива барањето, односно одговори позитивно во делот на барањето во врска со: Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki .gov.mk /PublicAccess/ Home.aspx#/home. Постапувајќи по решението на Агенцијата иако овие документи се објавени, Генералниот секретаријат на Владата, ги доставува на подносителот

на барањето по електронски пат на наведената адреса во наведеното решение бр.49-8404/6. Владата-Генерален секретаријат како договорен орган во набавката, ги има објавено документите кои се издвоени со член 6 став (2) од Законот за јавните набавки.

За останатите документи кои се наведени во барањето, Генералниот секретаријат доставува позитивен одговор и укажува на следново:

Технички дијалог за наведената постапка не е спроведен, бидејќи согласно новиот Закон за јавни набавки не е задолжителен. Извештајот од спроведената постапка не постои како посебен документ и е содржан во извештајот за евалуација. Одлуката за избор на најповолна понуда не е донесена, туку известувањето за поништување на постапката која одговорното лице ја донело е објавено на е-јавни набавки, поради што нема ниту извештај за е-аукција и нема склучен договор. Постапката не била предмет на управна контрола согласно Законот за јавните набавки, затоа нема записник за тоа и други документи поврзани со управната контрола.

Што се однесува за другите документи наведени во барањето, Генералниот секретаријат одлучи согласно членовите 6 став (1) точка 4) и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно оцени дека останатите документи (Одлука за јавна набавка, Записник за отварањето на понудите,Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за спроведената евалуација, Одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката) се информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка,за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката, спроведувајќи и задолжителен тест на штетност. Со тестот за штетност се утврди дека согласно член 6 став (2) став (3) од законот, информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.Со спроведувањето на тестот за штетност Генералниот секретаријат увиде дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Побараните документи имаат значење за економските оператори кои се јавуваат во постапката, односно за нивниот економски потенцијал кој со објавувањето би можело да биде злоупотребен и со тоа би се наштетил и на деловниот углед на субјектите, што би резултирало со евентуални во иднина економски, деловни и техничко-развојни последици врз деловните субјекти

односно да влијае врз способноста на пазарна конкурентност во стопанството на понудувачите. Би се рефректирало и врз деловната клима на останатите деловни партнери на економските субјекти, помал степен на квалитет во задоволувањето на потрошувачите,односно би се довело до намалување на нивоата на стабилност, ликвидност и успешност на економските субјекти пошироко во стопанството и задоволување на потребите на потрошувачката. За решението бр.49-8404/6 е известена Агенцијата со известување со број 49-8404/7 на 13.10.2020. Подносителот повторно поднел жалба, заведена под број 49-8404/8 на 30.10.2020, по која Генералниот секретаријат доставил одговор до Агенцијата, под број 49-8404/9 на 3.11.2020 година, со содржина која е претходно образложена во обжаленото решение број 49-8404/6. Агенцијата донела решение со број 08-615 од 13.11.2020 година, заведено под број на Генералниот секретаријат, 49-8404/10 на 18.11.2020 со кое го поништила Решението на Генералниот секретаријат бр.49-8404/6 и го задолжила да ги достави информациите. Постапувајќи по Решението на Агенцијата број 08-615 од 13.11.2020, Генералниот секретаријат донесе решение за позитивен одговор, со кое ги достави сите информации, заведено под бр.49-8404/11 на 27.11.2020 и ја извести Агенцијата за постапувањето со писмено број 49-8404/12 на 27.11.2020.Барателот го извести Генералниот секретаријат преку е-пошта дека ја повлекла жалбата.

4.11. **Предмет** број **од година**: 49-8972/1 од 28.9.2020г
Барана **информација**: Во прилог список на документите кои што ги бараме, а сите треба да се однесуваат на следниов период:
1 јануари 2015 – 1 јуни 2019
Одлука за службен пат
Патни налози
Пресметка на службени дневници за патувања
Фактури од резервации за хотел
Извештај од службена картичка
Прилог од сметки од службени патувања
Каса прими и каса исплати заедно со сметки
Фактури од ресторани, барови, кафулиња и други угостителски објекти
Овие податоци ги бараме за следниве лица:

Генерален секретар

Членови на кабинетот на генералниот секретар
Заменик генерален секретар
Шеф на кабинет

И податоци за останатите лица кои патувале на ист службен пат заедно со овие лица или како вработени или како надворешни соработници на трошок на Генералниот секретаријат.

Статус: Стручните служби во Генералниот секретаријат го разгледаа предметното барање и во конкретниот случај постапија со допис број 49-8972/4 од 7.10.2020г, согласно член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно кој „Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето".
Во член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е уредено дека „ Ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето".
Имено, постапувајќи по барањето, констатирано е дека барателот не доставил до Генералниот секретаријат дополнување на барањето, односно прецизирање на бараната информација, при што Генералниот секретаријат донел Решение за отфрлање бр.49-8972/5 од 4.12.2020г. Барателот вложил жалба, а Агенција со Решение наш арх.број 45-153/1 од 5.1.2021 г го врати предметот на постапување пред Генералниот секретаријат, а го поништи Решението 49-8792/5 од 4.12.2020г. Предметот е во тек, префрлен во 2021г.

**4.12.Предмет број 49-9905/1 од 26.10.2020 година**
Статус:Генералниот секретаријат со решение за одбивање бр.49-9905/2 на 3.11.2020 година, го извести барателот за причините за носење на вакво решение, од кои најважни се следните: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „ Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации".Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен „ДОВЕРЛИВО".Во случајот Владата иако не ги објавува

стенограмските белешки таа ја известува јавноста со тоа што сите усвоени записници со сите усвоени заклучоци по секоја поодделна точка на дневниот ред на секоја од седниците, ги објавува на интернет страницата на Владата, со што ја запознава јавноста за својата работа и со сите информации за мерките кои треба да се преземаат од надлежните и задолжени органи во заклучоците и ги имала предвид и прописите за класификацијата на документите и во случајов ги заштитила со соодветните степени на класификација стенографските белешки и магнетофонските снимки (кои согласно член 6 точка 3 и 4 од Законот за класифицирани информации спаѓаат во описот на елементи кои се сметаат за класифицирани информации), а кои се надоврзуваат на пропишаната содржина во член 94 став (2) и член 120 став (1) од Деловникот за работа на Владата, односно Владата како создавач на информациите врз основа на проценка за можната штета со тест за штетност и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до нив и можното злоупотребување, оценила дека треба да се класифицираат со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО", со што го зела предвид и членот 10 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации, што е во согласност и со член 6 став (1) точка 1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Наведеното решение е доставено на подносителот со посебно известување број 49-9905/3 од 3.11.2020 година.

**4.13.Предмет број 49-9950/1 од 26.10.2020 година**

**Барана информација:** Стенографски белешки од седница бр.2 на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 03.09.2020 година

**Статус:**Генералниот секретаријат со решение за одбивање бр.49-9950/2 на 3.11.2020 година, го извести барателот за причините за носење на вакво решение, од кои највaward се следните: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „ Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации".Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен „ДОВЕРЛИВО".Во случајот Владата иако не ги објавува стенограмските белешки таа ја известува јавноста со тоа што сите усвоени записници со сите усвоени заклучоци по секоја поодделна точка на дневниот ред на секоја од седниците, ги објавува на интернет страницата на Владата, со

што ја запознава јавноста за својата работа и со сите информации за мерките кои треба да се преземаат од надлежните и задолжени органи во заклучоците и ги имала предвид и прописите за класификацијата на документите и во случајов ги заштитила со соодветните степени на класификација стенографските белешки и магнетофонските снимки (кои согласно член 6 точка 3 и 4 од Законот за класифицирани информации спаѓаат во описот на елементи кои се сметаат за класифицирани информации), а кои се надоврзуваат на пропишаната содржина во член 94 став (2) и член 120 став (1) од Деловникот за работа на Владата, односно Владата како создавач на информациите врз основа на проценка за можната штета со тест за штетност и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до нив и можното злоупотребување, оценила дека треба да се класифицираат со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО", со што го зела предвид и членот 10 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации, што е во согласност и со член 6 став (1) точка 1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Наведеното решение е доставено на подносителот со посебно известување број 49-9950/3 од 3.11.2020 година.

**4.14.Предмет број 49-9951/1 од 26.10.2020 година**

**Статус:**Генералниот секретаријат со решение за одбивање бр.49-9951/2 на 3.11.2020 година, го извести барателот за причините за носење на вакво решение, од кои најважни се следните: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „ Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации".Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен „ДОВЕРЛИВО".Во случајот Владата иако не ги објавува стенограмските белешки таа ја известува јавноста со тоа што сите усвоени записници со сите усвоени заклучоци по секоја поодделна точка на дневниот ред на секоја од седниците, ги објавува на интернет страницата на Владата, со што ја запознава јавноста за својата работа и со сите информации за мерките кои треба да се преземаат од надлежните и задолжени органи во заклучоците и ги имала предвид и прописите за класификацијата на документите и во

случајов ги заштитила со соодветните степени на класификација стенографските белешки и магнетофонските снимки (кои согласно член 6 точка 3 и 4 од Законот за класифицирани информации спаѓаат во описот на елементи кои се сметаат за класифицирани информации), а кои се надоврзуваат на пропишаната содржина во член 94 став (2) и член 120 став (1) од Деловникот за работа на Владата, односно Владата како создавач на информациите врз основа на проценка за можната штета со тест за штетност и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до нив и можното злоупотребување, оценила дека треба да се класифицираат со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО", со што го зела предвид и членот 10 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации, што е во согласност и со член 6 став (1) точка 1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Наведеното решение е доставено на подносителот со посебно известување број 49-9951/3 од 3.11.2020 година.

**4.15.Предмет број 49-9953/1** од 26.10.2020 **година**

Статус:Генералниот секретаријат со решение за одбивање бр.49-9953/2 на 3.11.2020 година, го извести барателот за причините за носење на вакво решение, од кои најважни се следните: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „ Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации".Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен „ДОВЕРЛИВО".Во случајот Владата иако не ги објавува стенограмските белешки таа ја известува јавноста со тоа што сите усвоени записници со сите усвоени заклучоци по секоја поодделна точка на дневниот ред на секоја од седниците, ги објавува на интернет страницата на Владата, со што ја запознава јавноста за својата работа и со сите информации за мерките кои треба да се преземаат од надлежните и задолжени органи во заклучоците и ги имала предвид и прописите за класификацијата на документите и во случајов ги заштитила со соодветните степени на класификација стенографските белешки и магнетофонските снимки (кои согласно член 6 точка 3 и 4 од Законот за класифицирани информации спаѓаат во описот на елементи кои се сметаат за класифицирани информации), а кои се

надоврзуваат на пропишаната содржина во член 94 став (2) и член 120 став (1) од Деловникот за работа на Владата, односно Владата како создавач на информациите врз основа на проценка за можната штета со тест за штетност и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до нив и можното злоупотребување, оценила дека треба да се класифицираат со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“, со што го зела предвид и членот 10 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации, што е во согласност и со член 6 став (1) точка 1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Наведеното решение е доставено на подносителот со посебно известување број 49-9953/3 од 3.11.2020 година.

**4.16.Предмет број 49-9955/1** од 26.10.2020 година

**Статус:**Генералниот секретаријат со решение за позитивен одговор по дел од барањето, под бр.49-9955/2 на 3.11.2020 година, го извести барателот дека сите записници кои се усвоени се јавно достапни на веб страната на Владата, во делот на Владини седници или линкот: https://vlada.mk/ vladini-sednici .Имајќи предвид дека бараниот записник во моментот на поднесување на барањето за пристап до информацијата не е усвоен, истиот откако ќе се усвои на некоја од седниците на Владата, ќе биде јавно достапен на веб страната на Владата, во делот на Владини седници или линкот: https://vlada.mk/ vladini-sednici.

Во врска со делот кој се однесува за стенограмските белешки, Генералниот секретаријат донесе решение под бр.49-9955/3 на 3.11.2020 година, со образложение за причините за носење на вакво решение, од кои најважни се следните: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „ Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации“.Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен „ДОВЕРЛИВО“.Во случајот Владата иако не ги објавува стенограмските белешки таа ја известува јавноста со тоа што сите усвоени записници со сите усвоени заклучоци по секоја поодделна точка на дневниот ред на секоја од седниците, ги објавува на интернет страницата на Владата, со што ја запознава јавноста за својата работа и со сите информации за мерките кои треба да се преземаат од надлежните и задолжени органи во заклучоците и ги имала

предвид и прописите за класификацијата на документите и во случајов ги заштитила со соодветните степени на класификација стенографските белешки и магнетофонските снимки (кои согласно член 6 точка 3 и 4 од Законот за класифицирани информации спаѓаат во описот на елементи кои се сметаат за класифицирани информации), а кои се надоврзуваат на пропишаната содржина во член 94 став (2) и член 120 став (1) од Деловникот за работа на Владата, односно Владата како создавач на информациите врз основа на проценка за можната штета со тест за штетност и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до нив и можното злоупотребување, оценила дека треба да се класифицираат со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО", со што го зела предвид и членот 10 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации, што е во согласност и со член 6 став (1) точка 1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**4.17.Предмет број 49-9956/1 од 26.10.2020 година**

Статус:Генералниот секретаријат со решение за позитивен одговор по дел од барањето, под бр.49-9956/2 на 3.11.2020 година, го извести барателот дека сите записници кои се усвоени се јавно достапни на веб страната на Владата, во делот на Владини седници или линкот: https://vlada.ml / vladini- dnici .Имајќи предвид дека бараниот записник во моментот на поднесување на барањето за пристап до информацијата не е усвоен, истиот откако ќе се усвои на некоја од седниците на Владата, ќе биде јавно достапен на веб страната на Владата, во делот на Владини седници или линкот: https://vlada.mk/ vladini-sednici.

Во врска со делот кој се однесува за стенограмските белешки Генералниот секретаријат донесе решение под бр.49-9956/3 на 3.11.2020 година, со образложение за причините за носење на вакво решение, од кои најважни се следните: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „ Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации".Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен „ДОВЕРЛИВО".Во случајот Владата иако не ги објавува стенограмските белешки таа ја известува јавноста со тоа што сите усвоени записници со сите усвоени заклучоци по секоја поодделна точка на дневниот ред на секоја од

седниците, ги објавува на интернет страницата на Владата, со што ја запознава јавноста за својата работа и со сите информации за мерките кои треба да се преземаат од надлежните и задолжени органи во заклучоците и ги имала предвид и прописите за класификацијата на документите и во случајов ги заштитила со соодветните степени на класификација стенографските белешки и магнетофонските снимки (кои согласно член 6 точка 3 и 4 од Законот за класифицирани информации спаѓаат во описот на елементи кои се сметаат за класифицирани информации), а кои се надоврзуваат на пропишаната содржина во член 94 став (2) и член 120 став (1) од Деловникот за работа на Владата, односно Владата како создавач на информациите врз основа на проценка за можната штета со тест за штетност и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до нив и можното злоупотребување, оценила дека треба да се класифицираат со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“, со што го зела предвид и членот 10 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации, што е во согласност и со член 6 став (1) точка 1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**4.18.Предмет број 49-9957/1 од 26.10.2020 година**

Статус:Генералниот секретаријат со решение за позитивен одговор по дел од барањето, под бр.49-9957/2 на 3.11.2020 година, го извести барателот дека сите записници кои се усвоени се јавно достапни на веб страната на Владата, во делот на Владини седници или линкот: https://vlada.mk/ vladini-sednici .Имајќи предвид дека бараниот записник во моментот на поднесување на барањето за пристап до информацијата не е усвоен, истиот откако ќе се усвои на некоја од седниците на Владата, ќе биде јавно достапен на веб страната на Владата, во делот на Владини седници или линкот: https://vlada.mk/ vladini-sednici.

Во врска со делот кој се однесува за стенограмските белешки, Генералниот секретаријат донесе решение под бр.49-9957/3 на 3.11.2020 година, со образложение за причините за носење на вакво решение, од кои најважни се следните: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „ Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации“.Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Општина Охрид, Општина Дебарца и Општина Струга да подготвуваат и на секои шест месеци до Владата да доставуваат информации за статусот на реализирани активности во врска со ова прашање.

1.1. Зошто Владата два пати, со временска разлика од една година издала скоро идентично задолжување?

1.2. Дали било постапено по првото и која е причината за издавање на второто задолжение?

2. Според задолжението од 132-та седница, предвидени се 6.000.000 денари.
2.1. Да ни се достави преглед за предвидената алокацијата на средствата според задолжувањата.
2.2. Колку од средствата биле предвидени за рамсарската апликација и со каква намена конкретно?
3. Согласно двете одлуки МЖСПП било задолжено да доставува информации за реализирани активности на секои шест месеци.
Бараме да ни бидат доставени сите информации кои надлежното министерство ги доставило до Владата од задолжувањето во 2018 г. до денес.
4. На 21-та седница на Владата од 17.03.2020, Владата го задолжила МЖСПП „да ја достави аликацијата (RIS) за номинација на Охридско Езеро на Светската рамсар листа до Владата до 31 мај 2020“.
4.1. Дали МЖСПП постапи по задолжувањето и доколку е така, до каде е постапката?
4.2. Кој е рокот зацртан за поднесување на Рамсарската номинација?
5. Да ни се достави документот/задолжувањето со кое Владата ѝ наложува на Општина Охрид да изработи валоризација на Студенчишко Блато.
6. Да ни се достави документот/задолжувањето со кое Владата ѝ наложува на Општина Охрид (и другите општини) да изработи ревалоризација на Охридско Езеро.
Статус: Незадоволен од Известувањето бр.49-7079/3 од 14.7.2020г со кое е пратено на надлежност предметното барање, барателот поднел жалба до Агенцијата, а Агенцијата со Решение 08-429 од 21.8.2020г, наш архивски број 49-7079/8 од 15.9.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган.

Истовремено до Г енералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија барателот достави дополнително барање за пристап до информации од јавен карактер кое се однесува на истото барање по кое Агенцијата не задолжува повторно да постапиме, заведено под наш арх.бр.49-7079 /7 од 10.9.2020 година со кое е побарана информација од јавен карактер. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со допис број 49-7079/6 од 3.9.2020 година испрати одговорот од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.49-7079/5 од 18.8.2020г, а во делот во кој согласно дописот од Министерството за животна средина и просторно планирање надлежноста е на Генералниот секретаријат, стручните служби на Генералниот секретаријат на Владата, постапувајќи по барањето, се обратија до Секторот за нормативно правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата, од каде што ни беше доставен материјалот со кој тие како надлежен сектор располагаат.

Материјалите доставени од Секторот за нормативно правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата, со кој тие како надлежен сектор располагаат ги доставивме до барателот со допис број 49-7079/6 од 3.9.2020 година.

Во однос на предметното дополнително барање, Генералниот секретаријат го разгледа и го препраќа барањето на надлежност и понатамошно постапување до Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Охрид, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), доколку истите располагаат со информациите.

**6.10.Предмет број 49-7079/4 од** 7.8.2020 - **(49-8327/1) од** 15.9.2020
**Барана информација:** 1. Јасно утврдени критериуми за отстранување градби, 2. План со динамика за отстранување градби, 3. Информација за напредокот на отстранување на градбите и враќање на плажите во првобина состојба во општина Охрид, 3. Информација за напредокот на отстранување на градбите и враќање на плажите во првобина состојба во општина Струга.
**Статус:** Жалбата се отфрла како недопуштена од причина што барателот не постапил согласно член 16 став 5 од Законот, односно во барањето не навел дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од тие причини жалбата е отфрлена со решение бр. 08-250 од 4.8.2020 година. Дополнување: Барањето никогаш не било доставено до Генералниот секретаријат пред барателот да поднесе жалба до Агенцијата.
Барањето прв пат во Генералниот секретаријат е доставено на 15.9.2020г, а Агенцијата донела Решение бр. 08-250 од 4.8.2020 година.

**6.11.Предмет број 49-8404/1 од 17.9.2020 година**
**Барана информација:** Ве молиме за постапката за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020 да ни доставите: Одлука за јавна набавка, Записник од отварањето на понудите , Записник од спроведениот технички дијалог, Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за извршената евалуација, Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката, Извештај од спроведената е-аукција, Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба, Записник со инструкции одобрени

од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола .
**Статус:**Генералниот секретаријат на Владата, при одлучување по предметот, за документацијата поврзана со набавката, постапи согласно член 20 став (1) и став (2), член 21 став (1) и став (2) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), давајќи одговор, односно со решение за позитивен одговор бр.49-8404/2 на 21.9.2020 година дека:Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki .gov.mk /PublicAccess/ Home.aspx#/home.Доставена е жалба по решението преку Агенцијата, заведена под ар.бр.49-8404/3 на 23.9.2020 година, по која е доставен одговор бр,49-8404/4 на 24.10.2020, дека Генералниот секретаријат сопствените набавки со документите јавно ги објавил и се достапни на наведениот линк, и постапил согласно член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата донела решение број 08-615 од 5.10.2020, заведено под број 49-8404/5 на 7.10.2020, со кое се поништува решението 49-8404/2 и предметов се враќа на повторно одлучување. По повторното постапување Генералниот секретаријат донесе решение бр.49-8404/6 на 13.10.2020 година со кое делумно се одбива барањето, односно одговори позитивно во делот на барањето во врска со: Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki .gov.mk /PublicAccess/ Home.aspx#/home.

Постапувајќи по решението на Агенцијата иако овие документи се објавени, Генералниот секретаријат на Владата, ги доставува на подносителот на барањето по електронски пат на наведената адреса во наведеното решение бр.49-8404/6. Владата-Генерален секретаријат како договорен орган во набавката, ги има објавено документите кои се издвоени со член 6 став (2) од Законот за јавните набавки.

За останатите документи кои се наведени во барањето, Генералниот секретаријат доставува позитивен одговор и укажува на следново:

Технички дијалог за наведената постапка не е спроведен, бидејќи согласно новиот Закон за јавни набавки не е задолжителен. Извештајот од спроведената постапка не постои како посебен документ и е содржан во извештајот за евалуација. Одлуката за избор на најповолна понуда не е донесена, туку известувањето за поништување на постапката која одговорното лице ја донело е објавено на е-јавни набавки, поради што нема ниту извештај за е-аукција и нема склучен договор. Постапката не била предмет на управна

контрола согласно Законот за јавните набавки, затоа нема записник за тоа и други документи поврзани со управната контрола.

Што се однесува за другите документи наведени во барањето, Генералниот секретаријат одлучи согласно членовите 6 став (1) точка 4) и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно оцени дека останатите документи (Одлука за јавна набавка, Записник за отварањето на понудите,Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за спроведената евалуација, Одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката) се информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка,за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката, спроведувајќи и задолжителен тест на штетност. Со тестот за штетност се утврди дека согласно член 6 став (2) став (3) од законот, информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.Со спроведувањето на тестот за штетност Генералниот секретаријат увиде дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Побараните документи имаат значење за економските оператори кои се јавуваат во постапката, односно за нивниот економски потенцијал кој со објавувањето би можело да биде злоупотребен и со тоа би се наштетил и на деловниот углед на субјектите, што би резултирало со евентуални во иднина економски, деловни и техничко-развојни последици врз деловните субјекти односно да влијае врз способноста на пазарна конкурентност во стопанството на понудувачите. Би се рефректирало и врз деловната клима на останатите деловни партнери на економските субјекти, помал степен на квалитет во задоволувањето на потрошувачите,односно би се довело до намалување на нивоата на стабилност, ликвидност и успешност на економските субјекти пошироко во стопанството и задоволување на потребите на потрошувачката. За решението бр.49-8404/6 е известена Агенцијата со известување со број 49-8404/7 на 13.10.2020. Подносителот повторно поднел жалба, заведена под број 49-8404/8 на 30.10.2020, по која Генералниот секретаријат доставил одговор до Агенцијата, под број 49-8404/9 на 3.11.2020 година, со содржина која е претходно образложена во обжаленото решение број 49-8404/6. Агенцијата донела решение број 08-615 на 13.11.2020 година, со кое го поништила Решението на Генералниот секретаријат бр.49-8404/6 и го задолжила да ги

достави информациите. Постапувајќи по Решението на Агенцијата број 08-615 од 13.11.2020, Генералниот секретаријат донесе решение за позитивен одговор, со кое ги достави сите информации, заведено под бр.49-8404/11 на 27.11.2020 и ја извести Агенцијата за постапувањето со писмено број 49-8404/12 на 27.11.2020.Барателот го извести Генералниот секретаријат преку е-пошта дека ја повлекол жалбата.

**6.12. Предмет број 49-8972/1 од** 28.9.2020г

**Барана информација:** Во прилог список на документите кои што ги бараме, а сите треба да се однесуваат на следниов период:
1 јануари 2015 – 1 јуни 2019
Одлука за службен пат
Патни налози
Пресметка на службени дневници за патувања
Фактури од резервации за хотел
Извештај од службена картичка
Прилог од сметки од службени патувања
Каса прими и каса исплати заедно со сметки
Фактури од ресторани, барови, кафулиња и други угостителски објекти
Овие податоци ги бараме за следниве лица:
Генерален секретар
Членови на кабинетот на генералниот секретар
Заменик генерален секретар
Шеф на кабинет
И податоци за останатите лица кои патувале на ист службен пат заедно со овие лица или како вработени или како надворешни соработници на трошок на Генералниот секретаријат.

**Статус:** Стручните служби во Генералниот секретаријат го разгледаа предметното барање и во конкретниот случај постапија со допис број 49-8972/4 од 7.10.2020г, согласно член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно кој „Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето“.
Во член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е уредено дека „ Ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето“.

Имено, постапувајќи по барањето, констатирано е дека барателот не доставил до Генералниот секретаријат дополнување на барањето, односно прецизирање на бараната информација, при што Генералниот секретаријат донел Решение за отфрлање бр.49-8972/5 од 4.12.2020г. Барателот вложил жалба, а Агенција со Решение наш арх.број 45-153/1 од 5.1.2021 г го врати предметот на постапување пред Генералниот секретаријат, а го поништи Решението 49-8792/5 од 4.12.2020г. Предметот е во тек, префрлен во 2021г.

**6.13. Предмет број 49-10109/1 од 28.10.2020г**
Барана **информација**:

1.Планот за јавни набавки за 2019 година со сите негови измени и дополнувања, како и следните информации за постапката за јавна набавка на „Софтвер за определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување на казни" со бр.12953/2019:
2.Образложението за причината и потребата за набавката;
3.Начинот на кој што е утврдена проценетата вредност на набавката;
4.Одлуката за јавната набавка;
5.Одлука за формирање на комисија за јавна набавка;
6.Изјави за постоење/непостоење судир на интереси во однос на конкретната јавна набавка;
7.Дали во комисијата се вклучени лица со експертиза од областа на предметот на набавката;
8.Записник од јавно отворање на понудите;
9.Извештај за извршената евалуација на понудите;
10.Извештај од спроведената постапка;
11.Пристигнатите понуди од економските оператори;
12.Извештај од текот на спроведената електронска аукција;
13.Одлука за избор за најповолна понуда или одлука за запирање на постапката или одлука за поништување на постапката;
14.Евентуални анкеси на договорот за јавна набвака;
15.Евентуална придружна документација за склучените (договорените) правни работи;
16.Потврда за прием на предметот на предметната набавка (испратница, приемница или друг соодветен документ);
17.Документ за извршените плаќања по договорот за јавната набавка;
18.Одлуката за назначување на лице за следење на реализацијата на договорот за јавна набавка (ако е назначено такво лице);
19.Образложенито за потребата од измената и/или дополнувањето на планот за јавни набавки за конкретната набавка, доколку таа била опфатена со измена или дополнување на планот за јавни набавки, и

20.Извештај од надворешни стручни лица (доколку се ангажирани).
Статус: Согласно член 20 став (1), член 21 став 2 и член 24 став (1), ја достави бараната информација под реден број 1, 3, 7, 9, 14, 15, 18, 19 и 20 со број 49-10109/3 од 30.10.2020г, а согласно член 6 став (1), точка 4) и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за бараната информација под реден број 2, 4, 5, 6, 8, 10, 11, 12, 13, 16, и 17 достави решение за одбивање со број 49-10109/2 од 30.10.2020г. До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер доставена е Жалба од Барателот.

Генералниот секретаријат со допис број 49-10109/5 од 20.11.2020 година достави до барателот Решение за позитивен одговор за точките под реден број 2, 4, 5, 6, 8, 10, 11, 12, 13, 16, и 17 и со допис број 49-10109/6 од 20.11.2020г ја извести Агенцијата. Агенцијата за

слободен пристап донесе Решение за запирање на постапката, поради тоа што жалбата се смета за повлечена, заведено под наш арх број 49-10109/7 од 1.12.2020г.

6.14. Предмет **број 49-10165/1 од** 26.11.2020**г**
Барана **информација**: Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и Податоци со адреса, емаил и мобилен телефон на сите пет членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

Статус: Генералниот секретаријат на 3.11.2020г достави допис до барателот со архивски број 49-10165/3 со образложение дека истото го праќа на надлежност. Незадоволен од Известувањето барателот поднел жалба до Агенцијата. Во одговорот на жалба Генералниот секретаријат на Владата, со должно внимание ги разгледа наводите во жалбата во врска со предметот и ја извести Агенцијата за следното:
Генералниот секретаријат во врска со првиот дел на барањето кој се однесува на Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на РСМ, подготви решение за позитивен одговор со бр.49-10165/5, со кое е одговорено дека е доставено бараното решение за именување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.
Во врска со наредниот дел од барањето кој се однесува на податоци со адреса, емаил и мобилен телефон на сите пет членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на

Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат го достави на надлежност до Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, со допис бр.49-10165/6, за што е известен и подносителот со допис бр.49-10165/7. Агенцијата со Решение бр.08-690 од 19.11.2020г, наш арх број 49-10165/9 го потврди Решението на Владата на РСМ бр.49-10165/5 од 17.11.2020г, а жалбата на барателот ја одбил.

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата:8**

**7.1. Предмет број 49-830/1 од 27.1.2020г**
**Барана информација**: Документација од постапка за јавна набавка, Опрема и уреди за замена на нееколошки системи за греење во јавни објекти број 05913/2019
Статус: Генералниот секретаријат на 25.12.2019г достави Решение за позитивен одговор до барателот со архивски број 50-9982/2. Незадоволен од Решението барателот поднел жалба до Агенцијата со образложение дека доставената документација е нецелосна, а Агенцијата со Решение 08-6 од 23.1.2020г, наш архивски број 49-830/1 од 27.1.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-830/2 од 29.1.2020г.

**7.2.Предмет број 49-1708/1 од 19.2.2020г**
**Барана информација**: Договор за финансиска поддршка ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ, Барање за доделување на финансиска поддршка поднесено од ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ, Делот од Извештајот на Комисијата за еваулација на барањата за финансиска подршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија кое се однесува на мислење за исполнетост на услови за добивање финансиска поддршка на ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци до ЕМБС 7260210 и Информација за реализација на договорот и исплата на финансиски средства.
Статус: Генералниот секретаријат достави Решение за позитивен одговор со архивски број 49-1708/4 од 12.3.2020г, а го пратил на надлежност делот од барањето кој се однесува на Делот од Извештајот на Комисијата за еваулација на барањата за финансиска подршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија кое се однесува на мислење за исполнетост на услови за добивање финансиска поддршка на ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци до ЕМБС 7260210 со допис бр.49-1708/5 од 12.3.2020г до Кабинетот на

Заменичката на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжена за економски прашања, Мила Царовска. Незадоволен барателот поднел жалба до Агенцијата со образложение дека делот од барањето кој се однесува на Делот од Извештајот на Комисијата за еваулација на барањата за финансиска подршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија кое се однесува на мислење за исполнетост на услови за добивање финансиска поддршка на ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци до ЕМБС 7260210 сеуште не му е доставен, а Агенцијата со Решение 08-106 од 27.4.2020г, наш архивски број 49-1708/7 од 14.5.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-1708/8 од 21.5.2020г.

**7.3.Предмет број 49-1764/1 од 21.2.2020 година**
**Барана информација**:
Понудата и целосната документација која фирмата САРХЕМС ги доставила до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија при аплицирање на конкурсот за формирање на ЈПП за формирање на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)".
Статус: Генералниот секретаријат на 11.3.2020г достави Решение за одбивање до барателот со архивски број 49-1764/3 со образложение дека по однос на бараната информација, НЕ МОЖЕ позитивно да одговори, односно да ја достави, од причина што, креатор и имател на истата, не е Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Незадоволен од Решението барателот поднел жалба до Агенцијата, а Агенцијата со Решение 08-99 од 8.4.2020г, наш архивски број 49-1764/6 од 10.4.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-1764/7 од 13.4.2020г.

**7.4.Предмет број 49-1819/1 од 24.2.2020 година**
**Барана информација**:
1. Спогодба постигна помеѓу Cunico Resources N.V и Република Северна Македонија....

2. Одлуката на Владата на РСМ да се пристапи кон склучување на спогодба со Cunico Resources N.V....

3. Сумата што Владата на РСМ ја има платено на адвокатската куќа...
4. Писмена изјава на тужителот Cunico Resources N.V за основаноста ма барањето за поведување на арбитражна постапка....
5. Одговорот на РСМ за изјавата за основаноста од точка 4....
6. Сумата што Владата на РСМ ја има платено на основа Спогодбата постигната помеѓу Cunico Resources N.V и Република Северна Македонија....

**Статус:** Барателот поднел жалба до Агенцијата поради не доставување на одговор на барањето. Агенцијата со Решение бр.08-191 од 22.6.2020г, примено во архивата на Генералниот секретаријат на 1.7.2020г под арх.бр.49-1819/3 ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Подготвен одговор до барателот со допис бр.49-1819/7 дека не располага со бараната информација и Решение за одбивање бр.49-1819/6. До Генералниот секретаријат преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беше доставена жалба од жалителот, изјавена против Одговорот на Генералниот секретаријат. Во однос на горенаведеното, доставивме одговор на жалба со допис бр.49-1819/10.

После доставениот одговор на жалба од наша страна, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во управна постапка донесе мериторно и конечно Решение бр.08-191 од 15.9.2020г, заведено во архивата на Генералниот секретаријат под 49-1819/12 од 23.9.2020г, со кое го поништи решението бр.49-1819/6 и го задолжи Генералниот секретаријат да ја даде бараната документација. Генералниот секретаријат одлучи со Решение за позитивен одговор бр.49-1819/14 од 1.10.2020г, односно дека не располага со бараната документација и Решение за одбивање бр 49-1819/13 од 28.9.2020 г, односно за делот од барањето кој се однесува на точка реден број 3 и точка реден број 6, ја утврди следната фактичка состојба:

Согласно член 6 став (1), точка 4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација од јавен карактер ако бараната информација се однесува на информација која е стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.

До Генералниот секретаријат преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беше повторно доставена жалба/претставка од жалителот, изјавена против Одговорот на Генералниот секретаријат. Во однос на горенаведеното, Генералниот секретаријат одлучи со допис 49-1819/18 од 20.11.2020година, односно ја достави документацијата со која што располага.

**7. 5. Предмет број 49-6950/1 од 8.7.2020 година**

**Барана информација:** Барање бр.46-1426/4 од 26.02.2020 година, доставено од имателот на информацијата до Бирото за јавни набавки и целата документација поднесена како прилог на Барањето.

**Статус:** Генералниот секретаријат донесе решение за одбивање на барањето со бр.49-6950/2 од 28.7.2020 година и постапи согласно одредбите : член 25 став (1), а во врска со член 6 став (1) на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер односно донесе решение за одбивање, претходно спроведувајќи тест на штетност, врз чиј резултат утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Барателот поднел жалба преку Агенцијата, заведена во Генерален секретаријат под број 49-6950/3 на 17.8.2020 година, на која е одговорено со допис број 49-6950/4 на 20.8.2020 година.Агенцијата одлучувајќи по жалбата донела решение 08-426 на 21.8.2020 година, со која ја уважила и го поништила решението бр.49-6950/2 и го вратила предметот на повторно постапување .

Генералниот секретаријат постапи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер односно донесе решение за одбивање, под бр.49-6950/6 на 7.9.2020 година, согласно член 25 став (1), а во врска со член 6 став (1) точка 4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно одговори дека бараните податоци се информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка,за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката. Согласно член 25 од законот се спроведе тест на штетност, врз чиј резултат утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.Барателот поднел жалба преку Агенцијата, заведена во Генерален секретаријат со бр.49-6950/8 на 9.9.2020, по која е доставен одговор број 49-6950/9 на 11.9.2020 година. Агенцијата донела решение бр.08-426 на 24.9.2020 година,заведено под број 49-6950/10 од 30.9.2020 година, со кое се поништува решението на Генерален секретаријат број 49-6950/6 и се задолжува имателот на информации да ја достави бараната информација на Барателот.Генералниот секретаријат ги достави информациите со решение бр.49-6950/11 на 6.10.2020 година и истовремено со известување бр.49-6950/12 ја извести и Агенцијата за постапувањето.

**7.6. Предмет број 49-7081/1 од 13.7.2020 година**

**Барана информација:** 1.Годишните планови за 2019 и 2020 година за набавките утврдени со член 8 од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста; 2.Статистичкиот извештај за договорите за јавни набавки доделени врз основа на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста за 2019 година утврден во член 79 од истиот закон.

**Статус:** Генералниот секретаријат барањето го достави на надлежност со допис број 49-7081/2 од 20.7.2020 на Министерство за одбрана и истовремено со допис број 49-7081/3 го извести и подносителот, кој достави жалба преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, под наш бр.49-7081/4 на 29.7.2020 година, на која е доставен одговор односно известување бр.49-7081/6 на 31.7.2020, и истовремено со допис број 49-7081/5 повторно е доставен предметот на надлежност на Министерството за одбрана, кое одговори на Барањето до подносителот, и го извести и Генералниот секретаријат на Владата, со допис бр.49-7081/7 на 5.8.2020 година.Генералниот секретаријат повторно ја извести Агенцијата со допис бр.49-7081/8 на 10.8.2020, за одговорот од Министерството за одбрана со бр. 49-7081/7. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе решение бр.08-249 од 11.8.2020 година со бр.на Генералниот секретаријат под број 49-7081/9 од 14.8.2020 година, со кое ја уважило жалбата и предметот го вратила на повторно одлучување. Генералниот секретаријат на Владата имајќи предвид дека Министерството за одбрана е создавач на информациите, со допис број 49-7081/10 на 19.8.2020 го достави повторно барањето на надлежност до Министерството за одбрана и истовремено го извести подносителот со допис број 49-7081/11 и Агенцијата со допис број 49-7081/12 од 19.8.2020 година.Министерството за одбрана со допис заведен под број на Генерален секретаријат 49-7081/13 од 10.9.2020 година, со кој повторно известува дека одговорил по барањето.

**7.7.Предмет број 49-8404/1 од 17.9.2020 година**

**Барана информација:** Ве молиме за постапката за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020 да ни доставите: Одлука за јавна набавка, Записник од отварањето на понудите , Записник од спроведениот технички дијалог, Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за извршената евалуација, Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, Одлуката за избор на најповолна

понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката, Извештај од спроведената е-аукција, Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба, Записник со инструкции одобрени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола .

**Статус:**Генералниот секретаријат на Владата, при одлучување по предметот, за документацијата поврзана со набавката, постапи согласно член 20 став (1) и став (2), член 21 став (1) и став (2) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), давајќи одговор, односно со решение за позитивен одговор бр.49-8404/2 на 21.9.2020 година дека:Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki .gov.mk /PublicAccess/ Home.aspx#/home.Доставена е жалба по решението преку Агенцијата, заведена под ар.бр.49-8404/3 на 23.9.2020 година, по која е доставен одговор бр,49-8404/4 на 24.10.2020, дека Генералниот секретаријат сопствените набавки со документите јавно ги објавил и се достапни на наведениот линк, и постапил согласно член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата донела решение број 08-615 од 5.10.2020, заведено под број 49-8404/5 на 7.10.2020, со кое се поништува решението 49-8404/2 и предметов се враќа на повторно одлучување. По повторното постапување Генералниот секретаријат донесе решение бр.49-8404/6 на 13.10.2020 година со кое делумно се одбива барањето, односно одговори позитивно во делот на барањето во врска со: Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki .gov.mk /PublicAccess/ Home.aspx#/home.

Постапувајќи по решението на Агенцијата иако овие документи се објавени, Генералниот секретаријат на Владата, ги доставува на подносителот на барањето по електронски пат на наведената адреса во наведеното решение бр.49-8404/6. Владата-Генерален секретаријат како договорен орган во набавката, ги има објавено документите кои се издвоени со член 6 став (2) од Законот за јавните набавки.

За останатите документи кои се наведени во барањето, Генералниот секретаријат доставува позитивен одговор и укажува на следново:

Технички дијалог за наведената постапка не е спроведен, бидејќи согласно новиот Закон за јавни набавки не е задолжителен. Извештајот од спроведената постапка не постои како посебен документ и е содржан во извештајот за евалуација. Одлуката за избор на најповолна понуда не е

донесена, туку известувањето за поништување на постапката која одговорното лице ја донело е објавено на е-јавни набавки, поради што нема ниту извештај за е-аукција и нема склучен договор. Постапката не била предмет на управна контрола согласно Законот за јавните набавки, затоа нема записник за тоа и други документи поврзани со управната контрола.

Што се однесува за другите документи наведени во барањето, Генералниот секретаријат одлучи согласно членовите 6 став (1) точка 4) и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно оцени дека останатите документи (Одлука за јавна набавка, Записник за отварањето на понудите,Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за спроведената евалуација, Одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката) се информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка,за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката, спроведувајќи и задолжителен тест на штетност. Со тестот за штетност се утврди дека согласно член 6 став (2) став (3) од законот, информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.Со спроведувањето на тестот за штетност Генералниот секретаријат увиде дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Побараните документи имаат значење за економските оператори кои се јавуваат во постапката, односно за нивниот економски потенцијал кој со објавувањето би можело да биде злоупотребен и со тоа би се наштетил и на деловниот углед на субјектите, што би резултирало со евентуални во иднина економски, деловни и техничко-развојни последици врз деловните субјекти односно да влијае врз способноста на пазарна конкурентност во стопанството на понудувачите. Би се рефректирало и врз деловната клима на останатите деловни партнери на економските субјекти, помал степен на квалитет во задоволувањето на потрошувачите, односно би се довело до намалување на нивоата на стабилност, ликвидност и успешност на економските субјекти пошироко во стопанството и задоволување на потребите на потрошувачката. За решението бр.49-8404/6 е известена Агенцијата со известување со број 49-8404/7 на 13.10.2020. Подносителот повторно поднел жалба, заведена под број 49-8404/8 на 30.10.2020, по која Генералниот секретаријат доставил одговор до Агенцијата, под број 49-8404/9 на 3.11.2020 година, со содржина која е

претходно образложена во обжаленото решение број 49-8404/6. Агенцијата донела решение број 08-615 на 13.11.2020 година, со кое го поништила Решението на Генералниот секретаријат бр.49-8404/6 и го задолжила да ги достави информациите. Постапувајќи по Решението на Агенцијата број 08-615 од 13.11.2020, Генералниот секретаријат донесе решение за позитивен одговор, со кое ги достави сите информации, заведено под бр.49-8404/11 на 27.11.2020 и ја извести Агенцијата за постапувањето со писмено број 49-8404/12 на 27.11.2020.Барателот го извести Генералниот секретаријат преку е-пошта дека ја повлекол жалбата.

**7.8. Предмет број од година**: 49-8972/1 од 28.9.2020г
**Барана информација**: Во прилог список на документите кои што ги бараме, а сите треба да се однесуваат на следниов период:
1 јануари 2015 – 1 јуни 2019
Одлука за службен пат
Патни налози
Пресметка на службени дневници за патувања
Фактури од резервации за хотел
Извештај од службена картичка
Прилог од сметки од службени патувања
Каса прими и каса исплати заедно со сметки
Фактури од ресторани, барови, кафулиња и други угостителски објекти
Овие податоци ги бараме за следниве лица:
Генерален секретар
Членови на кабинетот на генералниот секретар
Заменик генерален секретар
Шеф на кабинет
И податоци за останатите лица кои патувале на ист службен пат заедно со овие лица или како вработени или како надворешни соработници на трошок на Генералниот секретаријат.

**Статус**: Стручните служби во Генералниот секретаријат го разгледаа предметното барање и во конкретниот случај постапија со допис број 49-8972/4 од 7.10.2020г, согласно член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно кој „Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето“.

Во член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е уредено дека „ Ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето". Имено, постапувајќи по барањето, констатирано е дека барателот не доставил до Генералниот секретаријат дополнување на барањето, односно прецизирање на бараната информација, при што Генералниот секретаријат донел Решение за отфрлање бр.49-8972/5 од 4.12.2020г. Барателот вложил жалба, а Агенција со Решение наш арх.број 45-153/1 од 5.1.2021 г го врати предметот на постапување пред Генералниот секретаријат, а го поништи Решението 49-8792/5 од 4.12.2020г. Предметот е во тек, префрлен во 2021г.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата:7

**8.1.Предмет број 49-830/1 од 27.1.2020г**
Барана **информација**: Документација од постапка за јавна набавка, Опрема и уреди за замена на нееколошки системи за греење во јавни објекти број 05913/2019
**Статус**: Генералниот секретаријат на 25.12.2019г достави Решение за позитивен одговор до барателот со архивски број 50-9982/2. Незадоволен од Решението барателот поднел жалба до Агенцијата со образложение дека доставената документација е нецелосна, а Агенцијата со Решение 08-6 од 23.1.2020г, наш архивски број 49-830/1 од 27.1.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-830/2 од 29.1.2020г.

**8.2.Предмет број 49-1708/1 од 19.2.2020г**
Барана **информација**: Договор за финансиска поддршка ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ, Барање за доделување на финансиска поддршка поднесено од ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ, Делот од Извештајот на Комисијата за еваулација на барањата за финансиска подршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија кое се однесува на мислење за исполнетост на услови за добивање финансиска поддршка на ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци до ЕМБС 7260210 и Информација за реализација на договорот и исплата на финансиски средства.
**Статус**: Генералниот секретаријат достави Решение за позитивен одговор со архивски број 49-1708/4 од 12.3.2020г, а го пратил на надлежност делот од барањето кој се однесува на Делот од Извештајот на Комисијата за еваулација

на барањата за финансиска подршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија кое се однесува на мислење за исполнетост на услови за добивање финансиска поддршка на ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци со допис бр.49-1708/5 од 12.3.2020г до Кабинетот на Заменичката на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжена за економски прашања, Мила Царовска. Незадоволен барателот поднел жалба до Агенцијата со образложение дека делот од барањето кој се однесува на Делот од Извештајот на Комисијата за еваулација на барањата за финансиска подршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија кое се однесува на мислење за исполнетост на услови за добивање финансиска поддршка на ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци сеуште не му е доставен, а Агенцијата со Решение 08-106 од 27.4.2020г, наш архивски број 49-1708/7 од 14.5.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-1708/8 од 21.5.2020г.

**8.3.Предмет број 49-1764/1 од 21.2.2020 година**
**Барана информација**:
Понудата и целосната документација која фирмата САРХЕМС ги доставила до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија при аплицирање на конкурсот за формирање на ЈПП за формирање на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)".

**Статус:** Генералниот секретаријат на 11.3.2020г достави Решение за одбивање до барателот со архивски број 49-1764/3 со образложение дека по однос на бараната информација, НЕ МОЖЕ позитивно да одговори, односно да ја достави, од причина што, креатор и имател на истата, не е Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Незадоволен од Решението барателот поднел жалба до Агенцијата, а Агенцијата со Решение 08-99 од 8.4.2020г, наш архивски број 49-1764/6 од 10.4.2020г, ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Генералниот секретаријат постапи по Решението на Агенцијата и достави до барателот Решение за позитивен одговор со архивски број 49-1764/7 од 13.4.2020г.

8.4.Предмет број 49-1819/1 од 24.2.2020 година
Барана информација:
1. Спогодба постигна помеѓу Cunico Resources N.V и Република Северна

Македонија....
2. Одлуката на Владата на РСМ да се пристапи кон склучување на спогодба со Cunico Resources N.V....
3. Сумата што Владата на РСМ ја има платено на адвокатската куќа...
4. Писмена изјава на тужителот Cunico Resources N.V за основаноста ма барањето за поведување на арбитражна постапка....
5. Одговорот на РСМ за изјавата за основаноста од точка 4....
6. Сумата што Владата на РСМ ја има платено на основа Спогодбата постигната помеѓу Cunico Resources N.V и Република Северна Македонија....

**Статус:** Барателот поднел жалба до Агенцијата поради не доставување на одговор на барањето. Агенцијата со Решение бр.08-191 од 22.6.2020г, примено во архивата на Генералниот секретаријат на 1.7.2020г под арх.бр.49-1819/3 ја уважила жалбата и предметот го вратила на повторно постапување на првостепениот орган. Подготвен одговор до барателот со допис бр.49-1819/7 дека не располага со бараната информација и Решение за одбивање бр.49-1819/6. До Генералниот секретаријат преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беше доставена жалба од жалителот, изјавена против Одговорот на Генералниот секретаријат. Во однос на горенаведеното, доставивме одговор на жалба со допис бр.49-1819/10.

После доставениот одговор на жалба од наша страна, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во управна постапка донесе мериторно и конечно Решение бр.08-191 од 15.9.2020г, заведено во архивата на Генералниот секретаријат под 49-1819/12 од 23.9.2020г, со кое го поништи решението бр.49-1819/6 и го задолжи Генералниот секретаријат да ја даде бараната документација. Генералниот секретаријат одлучи со Решение за позитивен одговор бр.49-1819/14 од 1.10.2020г, односно дека не располага со бараната документација и Решение за одбивање бр 49-1819/13 од 28.9.2020 г, односно за делот од барањето кој се однесува на точка реден број 3 и точка реден број 6, ја утврди следната фактичка состојба:

Согласно член 6 став (1), точка 4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација од јавен карактер ако бараната информација се однесува на информација која е стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.

До Генералниот секретаријат преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беше повторно доставена жалба/претставка од жалителот, изјавена против Одговорот на Генералниот секретаријат. Во однос на горенаведеното, Генералниот секретаријат одлучи со допис 49-1819/18 од 20.11.2020година, односно ја достави документацијата со која што располага.

8.5.**Предмет број 49-6950/1 од 8.7.2020 година**

**Барана информација:** Барање бр.46-1426/4 од 26.02.2020 година, доставено од имателот на информацијата до Бирото за јавни набавки и целата документација поднесена како прилог на Барањето.

Статус: Генералниот секретаријат донесе решение за одбивање на барањето со бр.49-6950/2 од 28.7.2020 година и постапи согласно одредбите : член 25 став (1), а во врска со член 6 став (1) на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер односно донесе решение за одбивање, претходно спроведувајќи тест на штетност, врз чиј резултат утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Барателот поднел жалба преку Агенцијата, заведена во Генерален секретаријат под број 49-6950/3 на 17.8.2020 година, на која е одговорено со допис број 49-6950/4 на 20.8.2020 година.Агенцијата одлучувајќи по жалбата донела решение 08-426 на 21.8.2020 година, со која ја уважила и го поништила решението бр.49-6950/2 и го вратила предметот на повторно постапување.

Генералниот секретаријат постапи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер односно донесе решение за одбивање, под бр.49-6950/6 на 7.9.2020 година, согласно член 25 став (1), а во врска со член 6 став (1) точка 4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно одговори дека бараните податоци се информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка,за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката. Согласно член 25 од законот се спроведе тест на штетност, врз чиј резултат утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.Барателот поднел жалба преку Агенцијата, заведена во Генерален секретаријат со бр.49-6950/8 на 9.9.2020, по која е доставен одговор број 49-6950/9 на 11.9.2020 година. Агенцијата донела решение бр.08-426 на 24.9.2020 година,заведено под број 49-6950/10 од 30.9.2020 година, со кое се поништува решението на Генерален секретаријат број 49-6950/6 и се

задолжува имателот на информации да ја достави бараната информација на Барателот.Генералниот секретаријат ги достави информациите со решение бр.49-6950/11 на 6.10.2020 година и истовремено со известување бр.49-6950/12 ја извести и Агенцијата за постапувањето.

**8.6.Предмет број 49-8404/1 од 17.9.2020 година**
**Барана информација:** Ве молиме за постапката за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020 да ни доставите: Одлука за јавна набавка, Записник од отварањето на понудите , Записник од спроведениот технички дијалог, Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за извршената евалуација, Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката, Извештај од спроведената е-аукција, Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба, Записник со инструкции одобрени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола .
**Статус:**Генералниот секретаријат на Владата, при одлучување по предметот, за документацијата поврзана со набавката, постапи согласно член 20 став (1) и став (2), член 21 став (1) и став (2) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), давајќи одговор, односно со решение за позитивен одговор бр.49-8404/2 на 21.9.2020 година дека:Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki .gov.mk /PublicAccess/ Home.aspx#/home.Доставена е жалба по решението преку Агенцијата, заведена под ар.бр.49-8404/3 на 23.9.2020 година, по која е доставен одговор бр,49-8404/4 на 24.10.2020, дека Генералниот секретаријат сопствените набавки со документите јавно ги објавил и се достапни на наведениот линк, и постапил согласно член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата донела решение број 08-615 од 5.10.2020, заведено под број 49-8404/5 на 7.10.2020, со кое се поништува решението 49-8404/2 и предметов се враќа на повторно одлучување. По повторното постапување Генералниот секретаријат донесе решение бр.49-8404/6 на 13.10.2020 година со кое делумно се одбива барањето, односно одговори позитивно во делот на барањето во врска со: Наведената постапка за јавна набавка на услуги-развивање на софтвер-синтетизатор на говор со читач

на екран на Македонски јазик за слепи лица и лица со оштетен вид бр.01203/2020, е поништена и документацијата од истата е јавно достапна на линкот https://e-nabavki .gov.mk /PublicAccess/ Home.aspx#/home.

Постапувајќи по решението на Агенцијата иако овие документи се објавени, Генералниот секретаријат на Владата, ги доставува на подносителот на барањето по електронски пат на наведената адреса во наведеното решение бр.49-8404/6. Владата-Генерален секретаријат како договорен орган во набавката, ги има објавено документите кои се издвоени со член 6 став (2) од Законот за јавните набавки.

За останатите документи кои се наведени во барањето, Генералниот секретаријат доставува позитивен одговор и укажува на следново:

Технички дијалог за наведената постапка не е спроведен, бидејќи согласно новиот Закон за јавни набавки не е задолжителен. Извештајот од спроведената постапка не постои како посебен документ и е содржан во извештајот за евалуација. Одлуката за избор на најповолна понуда не е донесена, туку известувањето за поништување на постапката која одговорното лице ја донело е објавено на е-јавни набавки, поради што нема ниту извештај за е-аукција и нема склучен договор. Постапката не била предмет на управна контрола согласно Законот за јавните набавки, затоа нема записник за тоа и други документи поврзани со управната контрола.

Што се однесува за другите документи наведени во барањето, Генералниот секретаријат одлучи согласно членовите 6 став (1) точка 4) и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно оцени дека останатите документи (Одлука за јавна набавка, Записник за отварањето на понудите,Пристигнати понуди или пријави за учество, Извештај за спроведената евалуација, Одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката) се информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка,за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката, спроведувајќи и задолжителен тест на штетност. Со тестот за штетност се утврди дека согласно член 6 став (2) став (3) од законот, информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.Со спроведувањето на тестот за штетност Генералниот секретаријат увиде дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Побараните документи имаат значење за економските оператори кои се јавуваат во постапката, односно за нивниот економски потенцијал кој со објавувањето би можело да биде злоупотребен и со тоа би се наштетил и на деловниот углед на субјектите, што би резултирало со евентуални во иднина економски, деловни и техничко-развојни последици врз деловните субјекти односно да влијае врз способноста на пазарна конкурентност во стопанството на понудувачите. Би се рефректирало и врз деловната клима на останатите деловни партнери на економските субјекти, помал степен на квалитет во задоволувањето на потрошувачите,односно би се довело до намалување на нивоата на стабилност, ликвидност и успешност на економските субјекти пошироко во стопанството и задоволување на потребите на потрошувачката. За решението бр.49-8404/6 е известена Агенцијата со известување со број 49-8404/7 на 13.10.2020. Подносителот повторно поднел жалба, заведена под број 49-8404/8 на 30.10.2020, по која Генералниот секретаријат доставил одговор до Агенцијата, под број 49-8404/9 на 3.11.2020 година, со содржина која е претходно образложена во обжаленото решение број 49-8404/6. Агенцијата донела решение број 08-615 на 13.11.2020 година, со кое го поништила Решението на Генералниот секретаријат бр.49-8404/6 и го задолжила да ги достави информациите. Постапувајќи по Решението на Агенцијата број 08-615 од 13.11.2020, Генералниот секретаријат донесе решение за позитивен одговор, со кое ги достави сите информации, заведено под бр.49-8404/11 на 27.11.2020 и ја извести Агенцијата за постапувањето со писмено број 49-8404/12 на 27.11.2020.Барателот го извести Генералниот секретаријат преку е-пошта дека ја повлекол жалбата.

**8.7.Предмет број од година:** 49-8972/1 од 28.9.2020г
**Барана информација:** Во прилог список на документите кои што ги бараме, а сите треба да се однесуваат на следниов период:
1 јануари 2015 – 1 јуни 2019
Одлука за службен пат
Патни налози
Пресметка на службени дневници за патувања
Фактури од резервации за хотел
Извештај од службена картичка
Прилог од сметки од службени патувања
Каса прими и каса исплати заедно со сметки
Фактури од ресторани, барови, кафулиња и други угостителски објекти
Овие податоци ги бараме за следниве лица:
Генерален секретар
Членови на кабинетот на генералниот секретар

Заменик генерален секретар
Шеф на кабинет
И податоци за останатите лица кои патувале на ист службен пат заедно со овие лица или како вработени или како надворешни соработници на трошок на Генералниот секретаријат.

Статус: Стручните служби во Генералниот секретаријат го разгледаа предметното барање и во конкретниот случај постапија со допис број 49-8972/4 од 7.10.2020г, согласно член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно кој „Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето".
Во член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е уредено дека „ Ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето".
Имено, постапувајќи по барањето, констатирано е дека барателот не доставил до Генералниот секретаријат дополнување на барањето, односно прецизирање на бараната информација, при што Генералниот секретаријат донел Решение за отфрлање бр.49-8972/5 од 4.12.2020г. Барателот вложил жалба, а Агенција со Решение наш арх.број 45-153/1 од 5.1.2021 г го врати предметот на постапување пред Генералниот секретаријат, а го поништи Решението 49-8792/5 од 4.12.2020г. Предметот е во тек, префрлен во 2021г.

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање: 3 9.1. Предмет број 49-1407/1 од 11.2.2020 година**
Барана информација: Кое образование го има директорот на Агенција за лекови. Кој факултет завршил и кога дипломирал, каква доедукација има и кога ја завршил. Тоа значи дали има специјализација и кога ја завршил (или е во тек) дали е магистар по фармација (со 300 ЕКТЦ) или магистериум, дали има докторирано и кога докторирал? Колку години има работно искуство? Дали има активно познавање на англиски јазик?

Статус: Жалбата се одбива како неоснована, од причина што Генералниот секретаријат не ја создал бараната информација, ниту располага со неа во конкретниот момент, со истата располага Агенцијата за лекови и медицински средства. Во конкретниот случај, Генералниот секретаријат до Агенцијата за

лекови и медицински средсва доставило Допис бр 50-2258/2 од 11.4.2018 година, со кој го доставило барањето на надлежност и постапување согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како имател на информацијата. Поради горенаведеното, Агенцијата ја одби жалбата како неоснована под број 08-117 од 5.2.2020 година.

**9.2.Предмет** број **49-5452/1 од 12.6.2020 година**

Барана **информација:** 1. Каде, на кој начин, во кој рок и кои документи треба да ги доставаат граѓаните кои ги исполнуваат условите, односно спаѓаат во една од четирите групи дефинирани во член 2 од Уредбата со законска сила за финансиска подршка на граѓани и вработени лица со низок доход,млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на Македонски производи и услуги за време на вонредна состојба (Службен весник на РСМ бр.130/2,146/20 и 151/20), а не се наоѓаат на Конечната листа на корисници на финансиска подршка од членот 4 од Уредбата? 2.Според кои правила се води постапката за дополнување на Конечната листа на корисници на финансиска подршка опишани во прашањето бр.1? 3.Како, со кој акт и во кој рок Генералниот секретаријат одлучува за дополнување на Конечната листа на корисници на финансиска подршка ?

**Статус**: До Генералниот секретаријат на Владата, доставено е барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.49-5452/1 од 12.6.2020 година. Генералниот секретаријат на Владата, при одлучување по предметот постапи согласно член 20 став (1), член 21 став (2) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донесе решение за позитивен одговор по бараната информација со број 49-5452/2 на 26.6.2020 година. До Генералниот секретаријат на Владата, поднесено е дополнително барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено во Генералниот секретаријат под арх.бр. 49-5452/3 од 2.7.2020 година, со кое е побарана истата информација од јавен карактер. Генералниот секретаријат на Владата, достави известување до подносителот со бр.49-5452/4 на 8.7.2020 година. Подносителот поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведена во Генерален секретаријат под архивски број 49-5452/5 од 16.7.2020 година. По жалбата, Генералниот секретаријат на Владата достави одговор со бр.49-5452/6 од 17.7.2020 година.Агенцијата донела решение бр.08-238 од 28.07.2020 година, со кое

жалбата ја одбила како неоснована, поради следново: Имателот на информации го упатува барателот на единствениот извор на одговори на бараните информации, односно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба. Во член 2 од наведената Уредба точно се наведени опфатените дефинирани групи, а во член 4 се наведени правилата за остварување на уреденото право, како и институциите кои се задолжени да партиципираат во остварување на истото и нивните конкретни постапки во таа насока. Во конкретниот случај може да се заклучи дека Имателот на информации постапил согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и до Барателот доставил „информација во која било форма што ја создал или со која располага согласно неговите надлежности", од што произлегува дека не е должен да создава нова информација која е наведена во барањето, а не е регулирана со Уредбата со законска сила за финансиска подршка на граѓаните и вработените лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредната состојба.

9.3. Предмет број 49-10165/1 од 30.10.2020 година

**Барана информација:** Решение за именување на Членови на Управен одбор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република С. Македонија и Податоци со адреса, емаил и мобилен телефон за сите пет членови на УО на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република С.Македонија.

**Статус:** Жалбата се одбива,од причина што Генералниот секретаријат за првиот дел од барањето постапил согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со тоа што донел решение за позитивен одговор за дел од Барањето бр. 49-10165/5 од 17.11.2020 година. Во врска со вториот дел, Генералниот секретаријат постапил согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и барањето го препратило на надлежност до ЈП за стопанисување со објекти од спорт како надлежен орган. Поради горенаведеното, Агенцијата ја одби жалбата под број 08-690 од 19.11.2020 година.

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање: 2
**10.1.Предмет број: 49-1405/1 од 11.2.2020**

**Барана информација**: 1. Одлуки за именување на членови на УО и НО на АД ЕЛЕМ, ЈП за државни патишта, АД МЕПСО, ЈП за стопанисување со државни шуми, АД Македонска Пошта, Македонски железници, ЈП Македонијапат, АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор, ЈП Македонски железници Транспорт, ЈП Македонска радиодифузија, АД Државна лотарија. 2. Одлуки за именување на членови на програмскиот совет и НО на ЈРП Македонска радиотелевизија- Скопје и одлуките за именување на одборот на директори на АД Водостопанство и АД Градски трговски центар – Скопје. 3. Процедура/постапка за избор на членови на УО за наведените претрпијатија од точка 1 и 2. 4 Процедура/постапка за ибор на членови на НО во наведените претрпијатија во точка 1 и 2.

**Статус:** Жалбата е повлечена од страна на барателот пред донесување на управен акт од второстепениот орган, поради тоа што Имателот на иформацијата доставил одговор на барањето. Од тие причини Агенцијата донесе решение со кое се запира постапката по жалбата заведено под број 08-41 од 5.2.2020.

**10.2. Предмет број 49-7079/4 од 7.8.2020 - (49-8327/1) од 15.9.2020**

**Барана информација**: 1. Јасно утврдени критериуми за отстранување градби, 2. План со динамика за отстранување градби, 3. Информација за напредокот на отстранување на градбите и враќање на плажите во првобина состојба во општина Охрид, 3. Информација за напредокот на отстранување на градбите и враќање на плажите во првобина состојба во општина Струга.

**Статус:** Жалбата се отфрла како недопуштена од причина што барателот не постапил согласно член 16 став 5 од Законот, односно во барањето не навел дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од тие причини жалбата е отфрлена решение бр. 08-250 од 4.8.2020 година. Дополнување: Барањето никогаш не било доставено до Генералниот секретаријат пред барателот да поднесе жалба до Агенцијата.

Барањето прв пат во Генералниот секретаријат е доставено на 15.9.2020г, а Агенцијата донела Решение бр. 08-250 од 4.8.2020 година.

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Забелешка:-Барања кои се примени пред 2020 година, а за кои постапката е завршена во 2020 година се:

1.Предмет број 50-1205/1 од 8.2.2019 година врска со 49-1336/1 од 7.2.2020

Барана информација: Врз основа на член 3 од Правилникот за содржината, начинот и формата за водење на евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, доставете ни копии од Уписникот за предметите по претставки и предлози кои ги води Владата, за годините 2013, 2014, 2015, 2016, 2017,2018.

Статус: Генералниот секретаријат донел решение бр.50-1205/2 на 20.2.2019 со образложение дека податоците припаѓаат во групата на личните податоци. Барателот поднел жалба, на наведеново решение, која жалба Агенцијата ја уважила и предметот го вратила на повторно постапување. Генералниот секретаријат по консултација со Барателот му овозможи увид во материјалите, со заштита на личните податоци, при што им беше укажано на претставниците на барателот дека е забрането да се прави снимање, фотографирање или записи во текот на увидот.За направениот увид е составен Записник број 49-1336/2 и Решение за позитивен одговор број 49-1336/2 на 24.2.2020.

2.Предмет број 50-9982/1 од 11.12.2019 година, врска со 49-830/1 од 27.1.2020.

Барана информација: Ве молиме за постапката за јавна набавка на Опрема и уреди за замена на нееколошки системи за греење во јавни објекти број 05913/2019 да ни доставите:Записник од отворање на понудите; Која е проценетата вредност на јавната набавка; Записник од спроведениот технички дијалог;Пристигнати понуди или пријави за участво; Извештај за извршената евалуација; Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавната набавка;Одлука за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката, Извештај од спроведената е-аукција, потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба, Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола.

Статус: Од Генерален секретаријат е донесено решение за позитивен одговор број 50-9982/1 на 25.12.2019, со кој се доставуваат податоци, а Барателот поднел жалба преку Агенцијата (број 49-830/1), која е уважена, поради нецелосно постапување и предметот е вратен на повторно одлучување, за што Генералниот секретаријат на Владата донесе решение бр.49-830/1 на 29.1.2020, со кое ги достави податоците.

**3.Предмет број 49-10995-18, 50-2034-19 и 49-1405 од 11.2.2020 година**

**Барана информација**:1.Одлуките за именување на членовите на УО и НО на следниве претпријатија:АД ЕЛЕМ,ЈП за државни патишта, АД МЕПСО, ЈП за стопанисување со државните шуми Македонски шуми-Скопје, АД Македонска пошта, Македонски железници Транспорт АД-Скопје, ЈП Македонија пат, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје, ЈП Македонска радиодифузија и АД Државна лотарија на Македонија. 2.Одлуките за именување на членовите на програмскиот совет и надзорниот одбор на ЈРП Македонска радиотелевизија-Скопје и одлуките за именување на одборот на директори на АД Водостопанство и Градски Трговски центар-Скопје; 3.Процедурата/постапката за избор на членови на УО на наведените претпријатија во точка 1 од барањето како и членовите на одборот на директори на АД Водостопанство и ГТЦ-Скопје; 4. Процедурата/постапката за избор на членови на НО на наведените претпријатија во точка 1 од барањето како и членовите на НО на Македонска Радиотелевизија.

**Статус:** Генералниот секретаријат постапувајќи по барањето доставил одговори под бр.49-10995/5-18 и 49-10995/3, за што барателот поднел жалба, а на истата е одговорена под бр.50-2034/2. Барателот ја известил Агенцијата (преку е-пошта) дека повлекол истата, бидејќи ја добиле информацијата, за што Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, ја запрела постапката со решение (бр.на ГС 49-1405/1 од 11.2.2020).

**4.Предмет број 49-3936-18, 50-2258-19 и 49-1407 од 11.2.2020 година**

**Барана информација:**Согласно Законот за слободен пристап до информации ве молам да ми одговорите кое образование го има Директор на Агенцијата за лекови.Кој факултет завршил и кога дипломирал, каква доедукација има и кога ја завршил.Тоа значи дали има специјализација и кога ја завршил (или е во тек) дали е магистар по фармација (со 300 ЕКТЦ) или магистериум, дали има докторирано и кога докторирал?Колку години има работно искуство?Дали има активно познавање на англиски јазик.

**Статус:** Генералниот секретаријат постапувајќи по барањето доставил Решение под бр. 49-3936/2-18, со кое е одбиено барањето, на кое е поднесена жалба. Генералниот секретаријат има одговорено на истата под бр.49-3936/5, дека информацијата претставува личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци. Агенцијата донела решение со кое

го задолжила Генералниот секретаријат да ја достави информацијата, во врска со кое Генералниот секретаријат на Владата доставил известување до Барателот под арх.број 50-2258/3, на кое е поднесена жалба. На ден 20.5.2019 Генералниот секретаријат доставил одговор на жалбата до Агенцијата, со број 50-2258/6 од 17.5.2019. Во конкретниот случај, Генералниот секретаријат до Агенцијата за лекови и медицински средсва доставил допис бр. 50-2258/2 од 11.4.2018 година, со кој го доставил барањето на надлежност и постапување согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како имател на информацијата. Поради горенаведеното, Агенцијата ја одби жалбата како неоснована под број 08-117 од 5.2.2020 година, заведено под архбр на Генерален секретаријат бр.49-1407/1 од 11.2.2020.

**5. Предмет број 49-2792/1 од 3.4.2020 година во врска со предмет 50-9986/1 од 11.12.2019**

**Барана информација:** „Копии од дискусии и/или информации водени од Пред точка: „Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО-Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот регион", разгледувана на следниве седници на Владата на РСМ: 148 (30.07.2019); 149 (13.08.2019); 150 (20.08.2019); 151 (27.08.2019); 153 (10.09.2019); 154 (17.09.2019); 155 (24.09.2019); 156 (02.10.2019); 158 (08.10.2019); 159 (14.10.2019); 160 (22.10.2019); 161 (29.10.2019); 164 (12.11.2019); 166 (19.11.2019); 167 (26.11.2019); и 168 (03.12.2019)". **Статус:** Генералниот секретаријат донесе решение со број 50-9986/2 од 25.12.2019 година, со кое го одбива претходно наведеното барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.50-9986/1 од 11.12.2019 година, поради тоа што бараните информации се со класифицирана содржина, согласно член 6 став (1) точка 1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, („Службен весник на Република Македонија "бр.101/19). Од страна на барателот е поведен Управен спор, преку Управен суд У-6.бр.72/2020 од 10.3.2020 година, заведен под арх.бр.49-2792/1 од 3.4.2020 година на Генералниот секретаријат, кој достави одговор на тужба со бр.49-2792/2 од 8.4.2020 година, со во кратки црти следно образложение: Дискусиите кои се водат на седниците на Владата се забележуваат на стенографски белешки и со магнетофонско снимање, за чие користење одобрение дава Претседателот на Владата, согласно членот 94 став (3) од Деловникот за работа на Владата. Според член 94 став (2) од Деловникот за работа на Владата, „Со стенографските белешки и магнетофонските ленти од седницата на Владата на кои се разгледувани материјали кои содржат класифицирани информации се постапува согласно со прописите за класифицирани информации".

Стенографските белешки и магнетофонските снимки за сите точки од Владините седници, Владата како нивен создавач ги класифицира со соодветен степен на класификација во случајов со степен „ДОВЕРЛИВО“.
Во случајов Владата постапила согласно член 123, алинејата 4 од Деловникот, имајќи предвид дека се бара доставување на дискусии и/или информации, ги објавила сите усвоени записници со сите усвоени заклучоци по секоја поодделна точка на дневниот ред на секоја од наведените седници во барањето, во периодот од 30.07.2019 до 03.12.2019 година, односно од 148 па до 168 седница на Владата, на интернет страницата на Владата, со што ја запознала јавноста за својата работа и со сите информации за мерките кои треба да се преземаат од надлежните и задолжени органи во заклучоците и ги имала предвид прописите за класификацијата на документите и во случајов ги заштитила со соодветните степени на класификација стенографските белешки и магнетофонските снимки (кои согласно член 6 точка 3 и 4 од Законот за класифицирани информации спаѓаат во описот на елементи кои се сметаат за класифицирани информации), а кои се надоврзуваат на пропишаната содржина во член 94 став (2) и член 120 став (1) од Деловникот за работа на Владата, односно Владата како создавач на информациите врз основа на проценка за можната штета со тест за штетност и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до нив, оценила дека треба да се класифицираат со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“, со што го зела предвид и членот 10 став 1 и 2 од Законот за класифицирани информации, што е во согласност и со член 3 став (1) алинеа 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Управниот суд донесе решение У-6.бр.72/2020 на 13.7.2020 година, со кое ја отфрлил тужбата на тужителот како недозволена, односно дека истата не е насочена против конечен управен акт, заведено под архив.број на Генералниот секретаријат на Владата,49-2792/3 на 3.9.2020 година.

**6. Предмет број 49-11850/1 од 10.12.2020 година во врска со предмет 50-8357/1 од 11.1.2019**

**Барана информација**:Образложение на што се заснова оваа одлука ( во врска со Информација за учество на делегацијата на Република Северна Македонија на 43-тиот состанок на комитетот за светско наследство на УНЕСКО во Баку, Азербејџан), односно поради кои причини Владата одлучи да го повлече Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион од Собраниска постапка.

**Статус:** До Г енералниот секретаријат на Владата, преку Канцеларијата на претседателот на Владата, се достави барање за пристап до информации од јавен карактер, во врска со точка

49 од 146-та седница на Владата, Информација за учество на делегацијата на Република Северна Македонија на 43-тиот состанок на комитетот за светско наследство на УНЕСКО во Баку, Азербејџан, ри што беше побарана следната информација: Образложение на што се заснова оваа одлука, односно поради кои причини Владата одлучи да го повлече Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион од Собраниска постапка.Генералниот секретаријат го разгледа предметното барање и во однос на истото постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ, број 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), односно истото, со допис бр.50-8357/3 од 6.11.2019 година, го достави на надлежност до Министерството за култура како предлагач на законот, за што беше известен барателот со допис бр.49-8357/2 од 6.11.2019 година.Барателот преку Управниот суд, поднел тужба за поведување на управен спор, заведена под арх.бр.на Генерален секретаријат, 50-8357/4 од 27.12.2019 година.Генералниот секретаријат достави известување со бр.50-8357/5 од 31.12.2019 година, до Државното правобранителство на РСМ, со кое се произнесе по наводите во тужбата, во кое беше наведено целото постапување по предметот и следните согледувања кои се однесуваат на наводите во тужбеното барање:Како тужителот не бил задоволен од добиеното писмено известување-информација на 6.11.2019 година со број 50-8357/3, во смисла на член 24 став (4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот имал право на жалба до Комисијата (Агенција) за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер,согласно член 28 став (2) од истиот закон.Тужителот во тужбата не прецизирал кој управен акт го оспорил пред Комисијата (Агенцијата) за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, дали известувањето на Генерален секретаријат под број 50-8357/3 од 6.11.2019 или Заклучок на Министерството за култура со број УП1 53-1569 од 10.12.2019 година.Во случај оваа тужба да е поведена во врска со Заклучокот на Министерството за култура со број УП1 53-1569 од 10.12.2019 година, Генералниот секретаријат истакнеува приговор поради немање на пасивна легитимација, односно во конкретниот случај не би можеледа биде тужена страна,од причина што актот не е донесен од страна на Генералниот секретаријат туку од страна на друга надлежна институција. Генералниот секретаријат упатува на член 8 став (1) од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.62/2006 и 150/2010) во кој е уредено дека „Управен спор може да се води против конечен управен акт, донесен во втор степен (конечен управен акт). Во конкретниот случај, Известувањето на Генерален секретаријат број 50-8357/3 од 6.11.2019 година е првостепен управен акт, и истиот не е конечен и тужителот не можел да поведе управен спор.Ставот (2) на наведениот член од Законот за управните спорови, уедува дека „Управен спор може да се поведе и против првостепен управен

акт,кога не е предвидена правна заштита во управна постапка во втор степен. Во конкретниот случај, во оваа постапка, согласно член 28 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, предвидена е правна заштита на тужителот пред Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, како второстепен орган. Понатаму, Генералниот секретаријат истакнува дека од страната на тужителот, видно од наводите во тужбата, не е запазена постапката како што предвидува членот 22 од Законот за управните спорови,каде е пропишано дека„Ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата". Во врска со наведената тужба, Управниот суд донесе решение, со која истата се отфрла, поради тоа што судот сметал дека известувањето на Генералниот секретаријат број 50-8357/3 од 6.11.2019 година, не е управен акт, со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките, поради што и не претставува конечен управен акт кој може да биде предмет на управен спор.

<u>Предмети примени во 2020, а кои се решени во 2021 година:</u>

**1.Предмет број 49-12931/1 од 30.12.2020, а врска со Решение 45-201/1 од 8.1.2021 година.**

**Барана информација**: Во врска со точка 9 од 30-та седница на Владата одржана на 15.12.2020 год., „Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.408 р.Коселска, бр.104 р.Габровска и бр.349 Блатечка река разгледувана на 30-та седница на Владата одржана на 15.12.2020:-Копија од **Информацијата, усвоените одлуки, задолженија и упатства и сета останата документација.**

**Статус**: Генералниот секретаријат на Владата, донесе Решение број 45-201/1 од 8.1.2021 година, за позитивен одговор и ги достави информациите до Барателот.

**2.Предмет** број 49-12932/1 врска с 45-202/1 **од** 8.1.2021 а **врска** со **Решение** 45-202/1 од 8.1.2021 **година**.

**Барана информација**: Во врска со точка 19 од 32-та седница на Владата одржана на 22.12.2020 год., „Информација во врска со барањето на Концесионерот Гравис Хидро Доо Гостивар за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични

централи;МХЕЦ Пена со реф.бр.82, МХЕЦ Пена со реф.бр.84, МХЕЦ Пена со реф.бр.85, Мхец Шеличе со реф.бр.91: **-Копија од Информацијата, усвоените одлуки, задолженија и упатства и сета останата документација.**

-Во врска со точка 21, од 32-та седница на Владата одржана на 22.12.2020 год., „Информација во врска со барањето на Концесионерот Макмебел Хидро Доо Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос со реф.бр.80: **-Копија од Информацијата, усвоените одлуки, задолженија и упатства и сета останата документација.**

-Во врска со точка број 23 од 32–та седница на Владата одржана на 22.12.2020 год.„Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ Жировница со реф.бр.5Мхец Жировница со реф.бр.6 на Концесионерот Хидроген Енерџи Доо Скопје: **-Копија од Информацијата, усвоените одлуки, задолженија и упатства и сета останата документација.**

**Статус:** Генералниот секретаријат на Владата, донесе Решение број 45-202/1 од 8.1.2021 година, за позитивен одговор и ги достави информациите до Барателот.

________________

**(Место и датум)**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

**(Имател на информации-печат)**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зекири**

________________

**(службено лице – потпис)**